# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД

## СПИСАНИЕ НА НУУБ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

**Издавач**
Национална установа - Универзитетска Библиотека
"Св. Климент Охридски" Битола
ул. Ленинова 39

**За издавачот**: директор Јелена Петровска

**Издавачки совет:**
**-претседател** д-р Николче Вељановски, библиотекар советник
Јоланда Бошевска, виш библиотекар
Гордана Марковска

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски, главен и одговорен уредник
Јоланда Бошевска, виш библиотекар
Илче Стојановски

**Лектура и коректура:** д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска

**Фотографии:** Трајан Чагорски

**Дизајн на корица:** Гордана Пешевска

**Компјутерска обработка и печат:** Херакли Комерц- Битола

**Тираж:** 300 примероци

**ISSN:** 1409-9497

Тел.: 047/220-208; Тел./Факс: 047/220-515; Тел. на Изд.:232-999; www.nuubbt.uklo.edu.mk; E-mail: nuubbt@uklo.edu.mk

## БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА ФИНСКА



*Приредила Јелена Петровска, директор*

За сите фински граѓани задолжително е школување низ десетогодишен образовен систем, почнувајќи од седум годишна возраст па се до навршување на 17 години.

Проучувајќи го образовниот систем на Финска, забележав дека библиотеките претставуваат значаен сегмент на системот и во повеќе значајни документи се истакнува местото на библиотеките во образовниот систем (во програмите на секоја нова влада, во Актот за стратегија на образованието, Актот за национална стратегија на развој 2002-2004, Законот за универзитетите, Актите за информациското општество, Законите на одделни општини и региони, Закон за библиотеките и низа подсистемски акти). Во последната владина програма се истакнува дека "системот на јавните библиотеки представува основен столб на развојот на општеството, кој што ги обезбедува главните национални образовни и културни сервиси и ги поддржува усилбите на целиот народ кон достигањата на највисокото ниво на интелектуален развој."

Да ја споменам само финансиската страна каде што во 2002 год. вкупно за јавните библиотеки во Финска е потрошено 240 милиони евра каде што државата учествуваше со 90 милиони евра. Во 2003 година Министерство за образование го има усвоено актот под наслов "Стратегија на библиотеките 2010: политика, пристап кон знаењето и културата", изработен од петнаесет фински експерти за библиотечно работење.

Стратегијата претставува визија на идниот развој на библиотечното работење со истакнување на целите на развојот и предизвиците на новото информатичко доба. Предложени се новите мерки на развојот, даден е акциониот план, истакнати се основните вредности на информациското општество и местото на библиотеките во него. Посебно е истакната улогата и значењето на мрежното поврзување на сите библиотеки, дадени се предлозите за изградба на потребната технолошка инфрастурктура и проширување на услугите и библиотечните збирки. Мошне прецизно се дефинирани критериумите за евалвација на работењето и успешноста на библиотеките, основните контроли на квалитетот и потребната јавна администрација. Предложени се нови сервиси, како и модели на продукцијата на новите библиотечните содржини. Принципот на бесплатниот сервис за сите граѓани истакнат е како основен принцип на развојот на општеството, а изградбата на единствената национална библиотечна мрежа како основна цел. Во акциониот план е даден и преглед на потребните промени како што се: развојот на јавните библиотеки во хибридни библиотеки, неопходноста од национална информациска инфраструктура,



потребата од коориднација на проектите за дигитализација на национално ниво, моделите на поддршка од страна на државата, стратегија на стручното усовршување на вработените, правата на корисниците, принципите на централизирано финансирање на новите проекти. Со овој акт дефинитивно е усвоена и политиката на доживотното образование за сите граѓани и слободата и правото на пристап кон знаењата, граѓата и информациите за сечиј интерес.

Во овој акт посебно е истакната промената во работното време на библиотеките и бришењето на границата помеѓу библиотеката како зграда и виртуелната библиотека: "јавните библиотеки преминуваат во национални хибридни библиотеки кои што

на граѓаните им даваат услуга на локално ниво, делуваат како мрежа на библиотеки на националното ниво, а уживаат углед на интернационално ниво. Јавните библиотеки се развиваат во хибридни библиотеки, нудат истовремено физички простор и граѓа, но и услуги во паралелен виртуелен простор, т.е мрежни и интернет услуги на одалечените корисници на било кое место и во било кое време."



Денес многу од финските библиотекари го користат овој акт како патоказ при изработка на своите стратешки планови, при дефинирање на целите на сопствениот развој и изработка на своите проекти.

Она што фасцинира и длабоко ги поврзува целите на образовниот систем на Финска и библиотечното работење е грижата на државата за заедничко функционирање на двата системи, но и помагањето на многу значајни проекти кои што ја отсликуваат богатата традиција во работењето на библиотекарите и наставниците и во остварувањето на перманентниот интелектуален развој на нацијата. Се истакнуваат проектите како што се" "Библиотеки. фи" (Libraries.fi.), "Прашајте го библиотекарот" (Ask the librarian), "Информациска бензинска пумпа" (Information Gas Station ), "Библиотека на современите фински писатели", Cable Book Library (најновите и најактуелни книги), Finish web space (проект за заштита на културното наследство) и др.

Библиотеките се наоѓаат на пристапни места, најчесто во близина на училишта, а бројот на корисници на библиотечните ресурси во Финска е највисок во Европа.

## САЕМ НА КНИГАТА - БИТОЛА 2005

*Приредил Науме Ѓоргиевски*

Идејата за реализација на една ваква голема манифестација потекна токму од Националната установа - Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Битола во рамки на една од основните свои задачи за комплетирање на книжниот фонд и популаризација на книгата. Првиот "Саем на книгата - Битола 2004" кој се одржа во Центарот за култура од 26-30.05.2005 година, помогнат од Министерството за култура, наиде на позитивен одек кај читателската публика во градот и пошироко.




Токму затоа и оваа година НУ-УБ „ Св. Климент Охридски„ - Битола по втор пат го организираше "Саемот на книгата-Битола 2005" , од 23.-28.05 2005 год. кој беше лоциран во нов поатрактивен простор уникатен за нашите простори - во летната бавча на домот на АРМ во Битола. И овој пат организацијата беше во соработка со Здружените издавачи на Македонија, а потпомогнат од Министерството за култура.





По втор пат Саемот покажа и докажа дека токму преку вакви манифестации и активности се поттикнува јавноста и се иницира еден нов момент во нашиот град и околните општини во регионот да се промовираат повисоки облици и форми на едно ново и поблиско претставување на книгата до читателот.

И оваа година на Саемот зедоа учество сите издавачи од нашата држава, а и претставници на неколку издавачки куќи од Србија и Црна Гора.

Како општ впечаток стои констатацијата дека вљубениците на книгата од нашиот град секојдневно од 10 до 22 часот со задоволство ги посетуваа штандовите на издавачите.











Саемот беше посетен од стотици посетители кои се интересираа за македонската и светската продукција.

Иако се мисли, и општ впечаток е дека изумира потребата од читање и купување на книги, Саемот покажа дека таа констатација не е точна. Неподелено е мислењето дека токму баш ваква манифетација му фалеше на градот кој тоа го заслужува и затоа истиот поминува во традиционален.

## БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ

## ОД ОДДЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

***Приредила Гордана Марковска***

1. ДИГИТАЛНА ТВРДИНА - Ден Браун
2. АНГЕЛИ И ДЕМОНИ - Ден Браун
3. МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ - Ханс-Лотар Штепан
4. БОЈАТА НА ПУРПУРОТ - Алис Вокер
6. ДАВИДОВА ЦАРИЦА - Е. Ечкил
7. ВИСТИНСКО СЕМЕЈСТВО - Тони Парсонс
8. ЖЕНИ - Чарлс Буковски
9. СВЕТИЛИШТЕ - Вилијам Фокнер
10. ШАНГАЈ БЕЈБИ - Веј Хуј

## ОСВРТ КОН ДЕЛОТО "КОДОТ НА ДА ВИНЧИ" ОД ДЕН БРАУН



***Приредил Николче Вељановски***

Овој роман - трилер започнува со убиството на познатиот Кустос во Лувр, Жак Соњер, кој беше последниот од претходно убиените четворица, чувар на една од најмоќните тајни на "Сионскиот приорум" - тајна организација основана во далечната 1099 година. Темелниот камен кој што овој Приорум го чува е всушност гравирана плоча која го открива местото каде што лежи најголемата тајна на братството. Всушност, Приорумот си зел за задача да ја чува тајната на вистинското христијанско учење наспроти католичкото учење, денес, кое го поддржува Ватикан. Се претпоставува дека оваа тајна е закопана во некоја гробница во "Градот на светлината" - Париз, каде што и се одвива дејствието во романот.

Следејќи ги настаните во делото дознаваме за постоењето и целите на организација "Opus Dei", поддржана од Ватикан, "Opus Dei", која дури медиумите ја нарекуваат "Божја мафија" или "Култ на Христос". Традиционалната филозофија на оваа организација започнала уште во 1934 година, за време на режимот на генерал Франко, а нејзиното главно седиште е во Њујорк. Тие се сметаат за конгрегација на католиците која избрала за приоритет да ја чува и бескрупулозно да ја брани католичката доктрина. Таканаречениот "Учител" е нејзиниот водач.




Кога ја почувствувал опасноста по својот живот, Жак Соњер и остава порака на својата внука Софи Неве, со која од несфатливи причини не контактирал последните десет години, за да и каже за нејзиното потекло кое е поврзано со лозата на Марија Магдалена, сопругата на Исус Христос. Според тајната на Сионскиот приорум М.М. има царска крв, а Христос нејзе и ги пренел упатствата за неговото учење, а не на Петар како што проповеда католичката црква, со што Исус бил и првиот феминист во христијанското учење. Се смета дека Леонардо Да Винчи бил голем мајстор на Приорумот и не бил само генијален сликар, туку тој ни го оставил и кодот за тајната на христијанство-

то. Тој ја насликал М. М. на "Тајната вечера", прва десно до Исус. Сликата е полна со скриени симболи. Тој се залагал за хармонија, за рамнотежа на машкото и женското. Верувал дека човечката душа не може да доживее просветлување ако нема и машки и женски елементи. Што и да сакал да постигне неговата "Мона Лиза" не е ни машко ни женско. Таа носи суптилна порака на двополост. Таа е стопување на машкото со женското. Тој во името Мона Лиза направил симболичен спој на египетскиот бог Амон (Мона) и египетската божица Изида (Лиза).

Водејќи ги двајцата трагачи по тајната на Приорумот, авторот ни открива одредени тајни за двете антагонистички организации во поглед на вистината за христијанската црква и нејзиното учење, при што добиваме впечаток дека дваесет века сме живееле во заблуда како христијански верници, а дека вистината допрва треба да следи.

Кодот на Да Винчи преведен е на четириесетина јазици и претставува комбинација на трилер, есеј за историјата, уметноста и религискиот симболизам, откривајќи ни уште некои тајни на Светиот грал по кој трагаат христијанските верници.

## ОСВРТ КОН РОМАНОТ "КАЖИ КОГА" ОД ЕЛИЗАБЕТ БЕРГ



*Приредил Илче Стојановски*

Романот "Кажи кога" зборува за едно семејство, за деновите и ноќите кои ги живеат - текот на еден нарушен живот надвор од нормалното живеење, при тоа проследувајќи го човекот преку неговиот емоционален пат, психолошки превирања, фрустрации и преиспитување на своите погледи за љубовта и среќата, како и назаобиколните прашања за секој брачен пар: кога врската вреди да се спаси, а кога е подобро да се помириме со




фактите.

Можат ли мажот и жената различно да го толкуваат неверството? Колку сме искрени кон најблиските? Овие прашања се предизвик во овој роман, во човечкиот живот, во човечката свест и совест - соочување со околината, со самиот себе со најблиските.

Авторката не води низ настанувањето на секојдневните проблеми, нивното различно видување и разрешување. "Кажи кога" е незаборавна приказна која читателот го води до срцта, во срцето на модерниот брак, каде што интимноста и љубовта, разочарувањето и болката се судираат многу често. Секој што ќе се соочи со предизвикот при читањето на оваа книга ќе си постави бројни прашања, ќе и погледне на реалноста в очи, на светот и животот денес во бракот и семејството. Тука е човекот на својот судбински пат и препреките на кои наидува, ги прескокнува или застанува зачуден, затемнат или изненаден, размислувајќи и барајќи решенија за излез дури и од безизлезот.

## ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ИЗЛОЖБИ, ПРОМОЦИИ, ПРЕДАВАЊА



*Приредил Драги Кабровски*

05.04.2005 г.

### МИНИ САЕМ НА КНИГАТА



Издавачката куќа "Феникс" од Скопје на 05.04.2005 година, во холот на Библиотеката организираше МИНИ ПРОЛЕТЕН САЕМ НА КНИГАТА каде што можеа да се купат книги со 20% саемски попуст . Саемот беше отворен за посета од 9.00 до 17.00 часот секој работен ден и истиот беше организирано посетен од учениците од сите основни училишта од градот. Саемот беше отворен од 05 - 15.04.2005 година.

06.04.2005 г.

### ПОСЕТА НА МИНИ САЕМОТ

Учениците од ОУ "Гоце Делчев" , ОУ "Коле Канински", ОУ "Тодор Ангелевски", ОУ "Даме Груев" и други организирано го посетија Мини саемот на книгата при што посетата беше искористена за разговор со учениците за тоа што Библиотеката нуди како културна установа, какви услуги врши и истовремено беше разгледана и изложбата на книги од Ханс Кристијан Андерсен која беше поставена во холот на Библиотеката по повод 200 годишнината од раѓањето на овој дански писател со светско реноме.

11.04.2005 г.

### ПРЕДАВАЊЕ





Во соработка со Здружението за македонско-италијанско пријателство и соработка, на 11.04.2005 година во големата сала за промоции со почеток во 12.00 часот организираја предавање на тема: МАЦИНИ - ЖИВОТ И ДЕЛО, Предавач беше проф. д-р Кочо Сидовски од Битола. Присутните гости на почетокот од свое лично име и од името на Библиотеката ги поздрави директорката г-ѓа Јелена Петровска која воедно им посака добредојде на гостите.

19.04.2005 г.

### СВЕТСКИ ДЕН НА КНИГАТА

По повод 23 Април - Светскиот ден на книгата и авторското право во просториите на Библиотеката беше поместена Изложба на книги од писателите: Сервантес, Шекспир и Лопе де ла Вега, кои починале во ист ден и месец - 23 април. Овој ден, со резолуција донесена на Генералната конференција на УНЕСКО во 1995 година, прогласен е за Светски ден на книгата и ден на светската книжевност. Идејата за ова потекнува од Каталонија каде на 23 Април

при купувањето на книга се подарува и по едно цвеќе.

21.04.2005 г.

## КНИЖЕВНА СРЕДБА

По повод 23 Април - Светскиот ден на книгата и авторското право, Библиотеката организира средба со француската авторка **Стефани Сен Сенар** (со македонско потекло) и писателот Гоце Смилевски од Скопје кој за романот "**Разговор со Спиноза**" од Утрински весник ја доби наградата Роман на годината 2002.






Младата француска авторка ја претстави писателот Гоце Смилевски кој воедно зборуваше за нејзиниот најнов роман "Ферман". Исто така авторот се претстави самиот пред присутните гости, а после тоа следуваше разговор со поставување на прашања од публиката во салата.

23.04.2005 г.

## ИЗЛОЖБА НА ИЗДАНИЈА НА "ДОН КИХОТ" (По повод 400 години од издавањето)

Овој роман е широко прифатен како прв роман на светот и еден од најдобрите што биле напишани досега, на второ место меѓу најобјавуваните, најпреведуваните и најпродаваните од 1605 година до денес.

26.04.2005 г.

## ГРУПНА ПОСЕТА

На 26 април (вторник) во 11 часот беше организирана групна посета на учениците од петтите одделенија на ОУ "**Ѓорѓи Сугарев**" од Битола, предводени од педагогот и психологот на училиштето. Учениците беа примени од библиотекарот Драги Кабровски задолжен за популаризација на книгата кој им објасни на учениците на кратко за поимот, значењето, и работата на Библиотеката како културно просветна



установа.

Во холот на Библиотеката, тој на учениците им објасни за начинот на пребарување на саканата книга со помош на терминалите, а и самите ученици имаа можност да пребаруваат на терминалите. Посетата беше искористена и за разгледување на магацинот за книги, пултот за издавање на книги, и Детската библиотека.

10.05.2005 г.

## ПРОМОЦИЈА

Националната установа - Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола, на ден 10.05.2005 г. со почеток во 12.00 часот во салата за промоции ја организира промоцијата на книгата "Каменот од Твојот ден": хималајска приказна од писателката Јагода Михајловска - Георгиева која работи како новинар, уредник на забавната програма во телевизија Телма и живее во Скопје. Оваа книга во издание на Култура влезе во најтесната конкуренција меѓу трите најдобри романи на Утрински весник за Роман на годината за 2005 година.



Промоцијата беше посветена на битолскиот алпинист Диме Илиевски - Мурато кој го развеа и постави македонското знаме на највисокиот врв во светот Монт Еверест токму на овој ден пред 16 години во

1989 година. Присутните гости ги поздрави директорката г-ѓа Јелена Петровска која топло добредојде им посака на писателката и на семејството на Диме Илиеавски - Мурато, и неговите пријатели. На промоцијата преку видео-бимот беа презентирани филм и фото-документација од експедицијата на Хималаите.

16.05.2005 г.

**ТРИБИНА** за законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените во организација на Општината Битола во салата за промоции во Библиотеката на 16.05.2005 г. (понеделник) во 12.00 часот.

20.05.2005 г.

**ПРЕДАВАЊЕ** во организација на Националната установа - Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" од Битола на тема "Да се вратиме на корените". Циклусот предавања беа одржани во Библиотеката од 20-27.05 со почеток во 19.00 часот со следните теми: "За нашите корени", "За нашите светители","За нашиот најголем херој", "Минатото говори", "За уметноста на живеењето", "За слободата", "За нашиот идентитет" и "За нашето наследство".

23.05.2005 г.

**"САЕМ НА КНИГАТА БИТОЛА 2005"**




Од 23 до 28.05.2005 година. Во организација на НУУБ "Св. Климент Охридски" по втор пат во Битола во просторот на летната бавча од Домот на АРМ. Саемот беше свечено отворен на 23 мај (понеделник ) во 20.00 часот во присуство на голем број гости. На отворањето говореа градоначалникот г-дин Владимир Талевски и директорката на Библиотеката г-ѓа Јелена Петровска.

Отворањето беше проследено со културно уметничка програма на хорот на КУД "Стив Наумов" под диригенство на г-дин Љубо Трифуновски. Преку видео-бимот беше презентирана Библиотеката и нејзината WEB страница. На саемот оваа година учество зедоа над триесет издавачи од Македонија.

24.05.2005 г.

**ПРОМОВИРАН РОМАНОТ НА ГОДИНАТА**

Како придружна активност на "Саемот на книгата 2005" на 24.05.2005 г. во салата за промоции на Библиотеката во 12.00 часот беше промовиран романот "Куклите на Росица" од писателката Оливера Николова од Скопје, која за романот доби награда на Утрински весник "Роман на годината 2005". Промотор на романот беше Оливера Ќорвезировска од Скопје. Преку видео-бимот беше презентирано дел од творештвото на Николова која во Библиотеката спаѓа во редот на најчитаните автори.

24.05.2005 г.

**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод промоцијата на романот од писателката Оливера Николова беше приредена изложба на книги од целокупното нејзино досегашно творештво и истата беше поставена во холот на Библиотеката од 23 мај до 03 јуни 2005 година.

10.06.2005 г.

**ИЗЛОЖБА** по повод **ДЕНОТ НА КУЛТУРАТА** во холот на Библиотеката, организирана од НУУБ "Св. Климент Охридски" од Битола. На изложбата беше презентирано следното: кaширани текстови и фотографии објавени во печатените медиуми за развојот на Библиотеката од основањето до денес, активности на Библиотеката по повод 60-годишниот јубилеј од постоењето, презентирање на изданијата на Библиотеката, монографии, зборници библиографии, билтени, презентација на нашето списание "Библиотечен тренд", презентација на некнижен библиотечен материјал: музикалии, аудио ленти, CD-ромови , плочи и др.









11.06.2005 г.

## ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Во соработка со **хрватското здружение "Марко Марулиќ" од Битола, Библиотеката организираше претставување на книги на Јакша Фиаменго, поет од Сплит и скулпторот Станислав Бавчевиќ од Сплит** кој ги имаше изложено скулптури од железо. На средбата беа присутни претставници од Матицата на иселениците од Сплит и Загреб, претставник на Комисијата за малцински прашања од Загреб, претставник од амбасадата на Р. Хрватска во Македонија и пратеникот на Собранието на Р. Хрватска, Ивана Тракоштанец која нагласи дека во интерес на нејзината држава е да ги помага





сите литературни манифестации во Македонија, па и нашата Библиотека.

Настаните ги следеа повеќе новинари од Хрватска како и државната HRT1 за специјалната емисија **"Корени"** која беше емитирана преку сателитската програма.

17.06.2005 г.

## ПРОМОЦИЈА НА КНИГА



Здружението за македонско-италијанско пријателство и НУУБ "Св. Климент Охридски" од Битола на ден 17.06.2005 година во салата за промоции на Библиотеката со почеток во 12.00 часот организираа свечено претставување на поетската книга **БЛЕСОЦИ ВО НОЌТА** од италијанската поетеса **Рита Грило**. За книгата зборуваше проф. д-р Златко Жоглев. На промоцијата присуствуваа голем број гости меѓу кои и претставници од италијанската амбасада од Скопје.

## ДЕТСКИОТ ОДДЕЛ ПРИ НУУБ БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Стеванка Петковска*

1. ЗЛАТНА КНИГА НА ЛЕГЕНДИ И ПРЕДАНИЈА - Васил Тоциновски
2. ЗЛАТНА КНИГА НА ПРОЗАТА ЗА ДЕЦА ВО МАКЕДОНИЈА - Васил Тоциновски
3. ЗЛАТНА КНИГА НА ПОЕЗИЈАТА ЗА ДЕЦА - Васил Тоциновски
4. ЛЕТО ЗНАЧАЈНО КАКО ИЗГРЕВ - Биљана Станковска
5. ХАРИ ПОТЕР И ПЛАМЕНИОТ ПЕХАР - Џ. К. Раулинг
6. ПРИКАЗНИ ЗА ДАМЈАНА - Видое Видически
7. ЌЕРКАТА НА СОНЦЕТО - Магдалена Царева
8. ЦАР САМУИЛ
9. КАМЕНО СОНЦЕ - Наум Бајо
10. ИЗМИСЛУВАЊЕ НА СВЕТОТ - Јадранка Владова
11. НОЌ И ДЕН - Ванчо Полазаревски
12. МАЛАТА ГОЛЕМА ТОЧКА - Цане Андреевски
13. ЧУДЕНКИ СО ТИМИТАР ИТАР - Велко Неделковски
14. ШТУРЧО - Ѓорѓи Прчков
15. РОЗА И МИМОЗА - Косара Гочкова
16. МАКЕДОНСКИОТ ФАРАОН - Трајан Петровски
17. БАЛАДА ЗА ГАЌИЧКИТЕ НА БУБА - Томислав Загода
18. ЕЈ, ПИПИ, СЕ ЗАЉУБИВ
19. ЕДНА ДРУГА ЉУБОВ - Греам Грин
20. РОКИ РОК - Витан Мал

## ШТО ЧИТААТ ДЕЦАТА

Приредила Кристина Лајмановска
(UNICEF Life Start - Bitola)

**"Александар и еднорогот"** од Душко Кралевски е сказна за добриот дедо Лазар и неговиот внук Александар. Лазар е човек кој што има душа широка како полјана и срце големо како планина. Тој им помагаше на луѓето лечејќи го не само телото со тревки, ами и душата со мудри зборови. Тој имаше еден Сон да стане едно со еднорогот, кој сон ќе се исполни. Неговата моќ и мудрост ќе ја наследи внукот Александар кој ќе добие една многу важна задача, задача која е многу поважна од дедовата.




**"Кристалната планета"** од Томе Арсовски не носи низ научната фантастика. Катерина и Јана имаат една тајна за која не знае никој освен нив, а тоа е дека Јана со помош на телепортација од страна на вселенците ја посетила планетата Верна. Таму таа стекнала многу добри пријатели. На таа планета оди и Кате каде се среќава со еден сосема нов свет полн со чуда но и опасности.

**"Заборавениот колосек"** од Глигор Поповски е книга која е пишувана според вистински дневник на едно момче- бездомник кого писателот случајно го среќава на една железничка станица. Јанко е чесно и цврсто момче, но поради својата несреќна судбина е исфрлен на улица од својата неблагодарна



мајка. Тој заедно со неговите другари живее во еден патнички вагон. Која е причината за неговото протерување од дома? Како се снаоѓа да опстане сам во овој тежок живот? И дали ќе го пронајде својот пат останува на вас да откриете.

**"Перуновите потомци"** од Видое Подгорец не воведува во една авантура далеку во минатото кога нашите претци Словените живееа зад Карпатите во племенски заедници. Јасенко е смело момче, добар ловец предодреден да биди голем водач. Но Јасенко поради еден настан со своето семејство е протеран од племето да живее во дивината. Јасенко како глава на семејството ја превзема цела одговорност за негова заштита и обезбедување храна. Тој набрзо открива дека во нивната околина живеат Хуните. Јасенко и неговото семејство се протерани. Како ќе се снајдат сами во дивината полна со природни непријатели? И каква ќе е неговата средба со Хуните останува на вас да откриете.

**"Ангели на прогонството"** од Паскал Гилевски е приказна за Егејските деца кои ги оттргнаа од својот дом и ги одведоа насилно во туѓи земји далеку од своите родители И роднини. Ангели на прогонството е возбудлива но и поучна историја за децата од селото Сетома. За да ги спасат своите деца од затворот во Атина родителите ги испракаат децата со партизаните во Битола. Но крајот на своето патување децата нема да го најдат во Битола ами далеку во Унгарија. Како стигнаа толку далеку од својот дом, дали ќе се видат повторно со своите најблиски можете да откриете ако ја прочитате книгата.

**“Пролет зад мојот прозорец"** од Томе Арсовски




Дена е прва година во средно училиште каде има супер друштво Зоки Хакерот, Бане Катастрофа, Моника, Теа. Тука Дена се вљуби но и го доживеа своето прво разочарување. Зарем не му се случило тоа на секого? "Животот не е "лесна песна" некогаш те плеснува по очи - се чудиш кој те измамил, кој те изневерил и боли." Но таа наскоро ќе пронајде нова љубов. Но таа нова љубов ќе ја однесе во најлошото друштво, друштво на наркомани. Животот ќе ја однеси на каменлива патека да ја тестира нејзината издржливост, цврстина. Што ќе се случи можете да откриете сами.

**"Со балон до Сахара"** од Даглас Треман се авантуристички раскази кои се читаат од почеток




до крај во еден здив. Додека читаш, од тебе од време на време ќе се бара да одбираш. Твојот избор може да води кон успех или катастрофа. Овие страници содржат многу различни авантури кои можеш да ги доживееш патувајќи со балон. "Одненадеж забележувате облаци од невреме кои се приближуваат од север. Ако веднаш реагираш, можеш да го испуштиш гасот од балонот и да се спуштиш пред да стаса невремето. Ако е тоа твој избор, сврти на 8 страна вели авторот. Можеби невремето бргу ќе помине. Можеби можете да се борите со невремето. Ако се решиш за тоа сврти на 9 страна."



## БИБЛИОТЕКАТА ВО СОРАБОТКА СО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА



*Приредила*
*Кристина Лајмановска, волонтер*

Проектот "Соработката на наставниците по македонски јазик во основните училишта и НУУБ "Св. Климент Охридски" Битола" го изведува Кристина Лајмановска, соработник (волонтер) во Библиотеката. Анкетниот прашалник им беше даден во сите 10 основни училишта во градот
на претставници-наставници по македонски јазик, а се однесуваше само на учениците од трето и четврто одделение. Анкетата беше извршена во текот на месец септември 2004 година и веднаш потоа беа статистички обработени податоците.

На пршањето: доколку не постои или не постоела соработка, која е причината поради тоа, има неколку различни одговори. Пет наставници кои немале соработка со библиотеката, на прашањето одговорија дека не знаат зошто не соработувале и дека нема некоја посебна причина за тоа. Наведените причини за несоработка ( и ако одговориле со не или малку ) се: затоа што потребните книги ги наогаат во училишната библиотека, поради нивна не ангажираност, поради презафатеност со други активности.

На прашањето дали имате предлог за понатамошна соработка помеѓу вас како наставник по македонски јазик (или активот на наставници по македонски јазик) и библиотеката имаа одговорено 72% од испитаниците. Во два прашалници се изјаснија дека сакаат соработка доколку библиотеката би била во можност да доаѓа во нивното училиште, а во еден прашалник не беше даден одговор.

### ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

| | ПРАШАЛНИЦИ | СОБРАНИ | ПРОЦЕНТИ |
|---|---|---|---|
| Тодор Анѓелевски | 10 | 9 | 90% |
| Ѓорги Сугарев | 13 | 6 | 46% |
| Елпида Караманди | 9 | 7 | 78% |
| Климент Охридски | 15 | 4 | 27% |
| Стив Наумов | 11 | 5 | 45% |
| Трифун Пановски | 5 | 1 | 20% |
| Гоце Делчев | 10 | 10 | 100% |
| Св. Кирил и Методиј | 6 | 6 | 100% |
| Даме Груев | 12 | 9 | 75% |
| Коле Канински | 11 | 10 | 91% |
| Вкупно прашалници | 102 | 67 | 66% |

во повеќе групи:

### ДАЛИ СЕ ВРШЕНИ ОРГАНИЗИРАНИ ПОСЕТИ ВО БИБЛИОТЕКАТА?

| | Да | Не | Недоволно |
|---|---|---|---|
| Тодор Ангелевски | 2 | 6 | / |
| Ѓорги Сугарев | 6 | / | / |
| Елпида Караманди | 4 | 2 | / |
| Климент Охридски | 2 | 2 | / |
| Стив Наумов | 5 | / | / |
| Трифун Пановски | 1 | / | / |
| Гоце Делчев | 7 | 2 | 1 |
| Св. Кирил и Методиј | 4 | 2 | / |
| Даме Груев | 5 | 4 | / |
| Коле Канински | 10 | / | / |
| Проценти | 69% | 27% | 1.5% |

Првата група која опфака 8% од одговорите немаат конкретни предлози за соработка. Тие предлози се барања во врска со збогатување на библиотечниот фонд на книги со странска литература, нови лектирни наслови, нови интересни книги, зголемување на фондот на книги од лектирни писатели. Втората група која опфака 48% од одговорите се состои од предлози за поголема присутност (агитација) на библиотеката во училиштата како и воспоставување контакти и комуникација преку организирање на различни средби: посета на познати писатели, организирање на семинар за тоа како да се мотивираат учениците да читаат книги, литературни читања (еднаш неделно), организирања на посети на учениците во библиотеката, да се организира соработка на состаноците на стручниот актив, презентација на нови книги, известување за нови книги или испраќање на каталози со нови наслови кои се обезбедуваат, следење на промоции на нови книги, запознавање со вкупниот фонд на книги. Има предлози за намалување на членарината за учениците во основните училишта како и помала членарина за

просветните работници. Исто така, даден е предлог за соработка на училиштата и библиотеката преку размена и донација на книги во училишните библиотеки. 28% од испитаниците немаат никаков предлог, а пак 10.5% испитаници предлагаат континуирана соработка помеѓу нив и библиотеката без некои конкретни предлози. На прашањето дали сметате дека ако има поголема соработка на библиотеката со активот на наставници по македонски јазик ќе се зголеми интересот на учениците, за читање 91% од наставниците одговорија потврдно.

На прашањето дали се извршени организирани посети на библиотеката од страна на вашето училиште одговорија 97%. Имаше и позитивни и негативни одговори кои е ги презентирам во горната табела.

## ВИ ГО ПРЕТСТАВУВАМЕ



*Богоја Таневски*

Роден во 1936 година во с. Долно Ореово, Битолско. Мала Матура, Учителска школа и Педагошка академија завршил во Битола. Бил уредник на алманахот "Патеки 70" при Литературниот клуб "Стале Попов" Битола. Има напишано неколку збирки поезија и една монодрама. Неговата најнова збирка поезија „Битолски мотиви" излезе од печат пред еден месец.

### БИТОЛА

Само пофалби како сенки
прелетуваат по твоите сокаци
пофалби од минатото
со прочуени конзули и трговци.
Тркалото на историјата
полека се врти
завлекува скалата
и сега по неа
во ова модерно време
тешко се искачуваат
новите конзули.

Малодушност те покрила
збунето нурнуваш во лавиринти
времето те прегазува,
Е, па тоа ти е
- печи пајка, јади сув леб -
од втор град во земјава
сега веднееш глава
сплеткан во играта на животот
задумано лежиш во диплите
на некогашната слава.

Твојот поголем брат
фрла задници по тебе
мислејќи помина зимата
бати гуната,
искачен на високо
мижурливо те гледа под око
се плаши од престиж.
Разбуди се граду
отвори ги очите четворно
погледни кон угорнината
и пречекај ги своите бели мугри.

### ХРАМ НА КНИГАТА

Од Плаошник искрата вивна
и тука долета
низ витлите на времето
во очите на Чудотворецот Климент
за да блеска светлина
низ сите простории
во храмот на книгата.
Низ страниците притаено лежи
вековно богатство.
Од книгите деноноќно глаголи
молчелива зборливост.
Оттука се отвора прозорецот
низ длабочините на Универзумот.
Одблесоци светкаат
во душата на читателите.

## РАЗГОВОР СО ПОЕТОТ



## КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ

При претставувањето на стихозбирката "Излегување од времето" (1999), писателот Радован П. Цветковски ќе рече, "него во далечната 1982 година, преку стихозбирката "Потреси" го откри литературниот критичар Доне Пановски, најавувајќи го како мошне талентирано и надежно име во современата македонска поезија. Може да се рече дека Кире Неделковски прави сигурни чекори, надградувајќи се од збирка до збирка. Автор е на уште неколку други збирки поезија: "Прав" (1986), "Слоеви" (1989), "Душа" (1992), "Некои нешта" (1994), "Безмерно" (1997), "Излегување од времето" (1999), "Судбини и соништа" (2004).

**Кој е поетот Кире Неделковски. Да ни кажете нешто за вашите први поетски чекори?**

-Роден сум во Битола во 1954 година. Завршив Виша педагошка академија во Битола. Поезија објавувам од 1972 година. Имам десет стихозбирки. Уште како мал читав детска поезија, ме инспирираа песничките за деца. Поезијата ме заинтересира како форма на искажување на моите чувства. Продолжив да ја следам поезијата и да пишувам. Најчесто конкурирав на анонимни конкурси, под шифра и учествував на многу поетски фестивали како што беа фестивалите во Врбас, Суботица, Титоград, "Смедеревска поетска есен", македонските фестивали: "Поткозјачки средби" во Куманово, "Млада Струга" итн. Така и дебитирав на анонимен конкурс во Книжевна младина на Македонија со стихозбирката "Потреси" во 1982 година. Тоа се духовните промени и потреси кои ги доживува еден поет. Во 1986 година, исто така, на анонимен конкурс на весникот "Млад борец" освоив прво место со стихозбирката "Прав". Наградата "Ѓурѓа '92" ја добив повторно на анонимен конкурс за стихозбирката "Душа".

**Кој се темите кои најчесто преовладуваат во вашите песни?**

-Длабоко ги чувствувам промените во себе и социјалните промени кај сопствениот народ. Затоа и моите песни се со широка тематика. Имам патриотски песни, а и песни за индискиот пророк и светец Саи Баба. Имам песни и за македонската, односно својата душа и за атмата во Источната филозофија и религија... . "Душата е - "сопствен космос" во која се одвива дијалектиката на материјалниот човечки ум и тело. Пишувам за патот по кој самосвесното битие може да го надвладее фатумот на физичкото битие. ... "Цел живот бавно излегуваш од времето, свесно се помируваш со промените во себе", на интересен начин поврзувајќи го минатото, сегашноста и иднината во една целина, "Еве го Следниот век". "Излегување од времето" е метафора за човековото битисување. Тоа е метафора за смртта која, пак, според верувањето, не е вистинска смрт, туку преселување на душата некаде и во нешто друго.



**Секако дека сте биле инспирирани од некој од домашните или светски познатите поети?**

Не сум имал идеал. Моите корени се во македонската поезија. Следејќи ја оваа поезија се надградував и се усовршував. Моите песни се претежно медитативни, но во голема мера ме инспирирале природните појави, светот и животот.

**Дали сте се обиделе да пишувате проза?**

-Со прозата мислев дека не ќе можам доволно да се искажам и поезијата примарно ми одговара како литературна творба со која целосно се искажувам.

**Според вас, кои македонски писатели заслужуваат внимание?**

Многу ја ценам македонската поезија, а тој што е вљубеник во поезијата цел живот си останува во поезијата која што духовно го храни. Македонската поезија е многу силна во светски размери, во смисла на духовно растење на една национална литература. Повеќе наши автори се објавени во светот, а посебно ги ценам поетите Анте Поповски, Петре М. Андреевски, Радован Павловски, Михаил Ренџов и тн.

**Пишувате поезија повеќе од триесет години. Според вас, која стихозбирка и кои песни би ги издвоиле за најзрел одраз на вашето творештво?**



-Како автор многу ми е тешко да одделам некоја стихозбирка или песна и затоа би рекол, "најновата". Стихозбирката "Судбини и соништа" (2004) е во издание на издавачката куќа "Макавеј", а промовирана во НУУБ - Битола. Ако треба да издвојувам песни тогаш би издвоил неколку кои влегоа во разни избори на македонска поезија: "Песната за Конески", "Пирамида", Мојата звезда", "Скриеното сонце", "Македонски поети" и тн.

**Дали имате поезија со бунтовникот во вас? Дали критикувате во песните?**

-Да, во "Судбини и соништа". После објавување на стихозбирка вистинскиот поет никогаш не е задоволен со она што го напишал. Секогаш е во потрага по нови теми и пребарува во себе и во светот околу себе. Секогаш мисли дека може повеќе, дека може уште подобро да се искаже и да донесе уште позрело обработени теми.

**Сепак, колку е зрела вашата поезија? Дали ја разликувате по зрелоста?**

-Од првата моја збирка до последната, сите се разликуваат по нивните духовни сознанија и перманентното зреење во литературата, на пример во најновата стихозбирка говорат за тоа збирките: "Мојата тајфа", "Река. Живот", "Македонски поети", "Проверен љубовник" и други.

"Ја начекав
Од Бога дадена
Песната
Гола и убава
И ја запишав
Чиста
За да не се срами
Ни таа
Ни јас
Кога ќе ми доаѓа
И некоја следна
Ноќ
Како кај проверен љубовник."

**Колку сте задоволен со вашето творештвото и со животот?**

-Не сум многу задоволен и мислам дека автор од внатрешноста нема многу можности да се афирмира пошироко. Често слушаме дека битолските автори не се доволно застапени во македонските антологиски избори, а уште помалку објавени во светот, и покрај тоа што имам два преведени избори на песни: едниот на француски, другиот на ароманси. Мислам дека авторите за целосно да се пробијат треба да објавуваат надвор од Македонија, а по можност и да се преселат во некоја од метрополите: Париз, Лондон, Берлин, Њујорк и други. Во последно време, кај нас, се вели дека поезијата и прозата не се читани, меѓутоа, во светот, романот е многу читан како литературна форма. Во последните години има објавено многу значајни романи: "Кодот на Да Винчи", "Алхемичарот" и други. Многу светски поети почнуваат да пишуваат проза од финансиски причини.

**Што работите во моментот?**

-Работам на една стихозбирка која ќе биди пообемна од досегашните. Јас сум и понатаму љубопитен, се интересирам и следам сé и во мојот роден град и во светот.

**ПИРАМИДА**
Сите ние си имаме во себе
По една прекрасна Пирамида
Скриена длабоко во душата
Невидлива за другите.

Таа си постои со векови
И се пренесува со нас
Од еднииот во другиот Живот
И така во бескрај.

До некој следен Живот -
Си опстојува достоинствено
Пирамидата од гордост
Осамена

Во Пустината на времето

**МОЈАТА ЅВЕЗДА**
Никој не знае кој Бог ја донел
Кога и од кое небо во мојата
Душа, засолниште сигурно нашла
И зошто се таи толку долго.

Ја очекувам секој миг
Да го осветли своето значење
Своето постоење да го одгатне
Јавно или тајно-сеедно.

Зошто паднала и во каков час
Бара спас во мојата Длабочина
Зарем не е убаво Горе
Сé да гледаш и да се забавуваш?

Зарем не сме исти
Безимени остатоци
Кои бараат друго време
Низ Космосот - за да Експлодираат

И слават.

**МОЈАТА ТАЈФА**

Мојата тајфа ја собира
Ноќта по улиците
Шета и разговара со светците
Слезени од фреските
Од опсада
И ги испраќа до црквите
Рано в зори.
Се прибира во библиотеките
Како дома
И прави нов распоред
На изненадувања.
Мојата тајфа
Не ги уморува нозете
Ни мислите
Лебди над езерата
И брзо се движи низ книгите
Љубопитна оди до небото
И сака сé да знае:
Каде се собираат мртвите
Имаат ли и Тие Горе градови
Манастири и читални
За да продолжат
Со своето усовршување
На некој нов факултет
Во некој нов совршен Свет.

**МАКЕДОНСКИ ПОЕТИ**

Изненаден
И Господ
Се прашува
Од каде толку убавини
И длабочини
Во стиховите
Македонски... .
Дали од виното
Мајсторски превриено
Или од прекрасните жени
Кои кријат повеќе страст
Или има нешто Трето
За кое не слушнал
Некаква
Неправда
Па народот
Тајно
Создава
Свои вредности.

*Разговорот го водеше Николче Вељановски*

## ПОВОД ЗА СРЕДБА СО



## СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН

(Промоција на неговата најнова книга „Придонесот на Македонија во светската цивилизација")

Славе Николовски - Катин неповратно влегува во историјата на Македонија како "амбасадор" кај македонските иселеници. Неговата голема љубов кон својот народ го стави за посредник меѓу иселените тажни македонски души и нивниот роден крај. Својата најголема активност ја остварил преку соработката со весникот "Нова Македонија" во кој објавил над 700 текстови, од кои две третини се однесуваат на животот и работата на македонските иселеници, а останатите на настани во земјата од областа на културата и науката, репортажи од неговиот престој во соседните земји, од Канада, САД, Австралија и Европа. Околу 1000 текстови се објавени во уште 11 македонски дневни весници и списанија и во околу 13 во Австралија (првиот иселенички весник "Македонска искра"- Перт, 1946 година, "Македонски весник" од Сиднеј, ревијата "Македонија" од Мелбурн), Европа ("Македонски весник" - Гетеборг) и Канада. До 2001 година, зад себе остави преку 1850 новинарски текстови објавени на македонски и англиски јазик.

Член е во Одборот на Фондацијата "Атанас Везенков" од основањето.

Член на Комисија за меѓународна соработка на Здружението на новинарите на Македонија, бил и негов секретар. Член е на Советот на Центарот за странски јазици во Скопје, Издавачкиот совет на "Меѓународна политика" од Белград, Друштвото на литературни преведувачи на Македонија, Македонското научно друштво - Битола, претседател на Друштвото за литература и култура "Македонија - Канада", како и почесен член на Литературното друштво "Браќа Миладиновци" во Торонто и Културното друштво "Полог" од Детроит. Денес е главен и одговорен уредник на "Македонска искра".

**Кој е Славе Николовски - Катин?**

-Роден сум во 1941 година во с. Наколец, Долна Преспа. Веднаш по раѓањето моите родители се преселија во Љубојно. Додавката Катин ја добив по името на мојата баба Ката. Мојот дедо после 40 години поминати во Детроит се врати засекогаш во Македонија. Средно техничко училиште



завршив во Скопје. Студирав геодезија во Белград, меѓутоа во 1966 заминав за Канада. Во 1969 година се вратив пак во Македонија и сакав да запишам друг факултет. Се размислував за право, македонски јазик, па литература и на крајот се определив за групата Англиски јазик и книжевност. Во 1973 година дипломирав. По завршувањето на факултетот четири години работев како координатор и стручен преведувач во Хидробиолошкиот завод во Охрид. Тоа беше градот за кој мечтаев.

**Спомнавте дека вашите патешествија започнаја уште за време на студирањето. Кога се вработивте во Матицата на иселениците?**

-Во 1969 година, на 28-годишна возраст, по препорака на македонскиот амбасадор од Канада се вратив во Македонија како стипендист на Матицата на иселениците. После четирите години работа во Охрид, од 1979 - 1984 година се вработив во Матицата на иселениците каде ја водев Информативната служба и работев како преведувач и новинар во списанието

"Македонија". Од 1984 - 1990 година бев во Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија кога го уредував **"Информативниот преглед"**, а воедно бев именуван за раководител на Службата за информирање, секретар на комисијата при ССРНМ за меѓунационалните односи и на одборот за остварување на улогата на ССРНМ во сферата на религијата и верските заедници. Со осамостојувањето на Р. Македонија, од 1991 - 1998 година, од Собранието на РМ именуван сум за потпретседател на Републичката комисија за односи со верските заедници за во 1999 година повторно да се вратам во Матицата на иселениците која подоцна премина во Министерство за иселеништво и Агенција за иселеништво. Во 2001 година заминав во пензија. Ме замени Ѓорги Наумов.



**Во овој период повеќепати патувавте во прекуокеанските земји, остварувајќи многубројни контакти македонските иселеници и нивните црковни општини. Кажете ни нешто повеќе околу тоа ?**

-Сум ги посетил сите цркви во светот каде што има македонски иселеници. Имам посетено и една црква во Бризбејн, Австралија, формирана уште во 1942 година кога викнале руски поп да пее. Ја посетив и првата македонска црква во Мелбурн осветена од македонски владика, **"Св. Ѓорѓи"**, многу значајна за луѓето од Егејска Македонија како и црквите: **"Св. Петар и Павле"** во Гери, Индијана на која камен темелник беше поставен во 1962 и МПЦ "Свети Климент Охридски" во Торонто која беше започната во 1964 година. За тоа зборуваат моите книги.



**Во 1994 година, заедно со Фиданка Танаскова ја напишавме монографијата за Македонската православна црква "Свети Климент Охридски" во Торонто, "Македонски вознес". Црквата "Св. Ѓорѓи" во Торонто ја изградиле Македонци, само попот бил бугарин. Кога сега скоро го сретнав ми рече, "ми личите на Бугарин", а јас пак му одговори, "ако јас така ви личам тогаш вие ми личите на Индиец". И Џон Битоф одеше во таа црква, но си замина кога виде дека се пее на бугарски.**

-Моето прво дело е **"Македонски холокауст"** (1990), а имам една многу убава



книга **"Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД"** (1991). Ја промовираше д-р Блаже Ристовски по повод јубилејното одбележување 700 - години од постоењето на Манастирот во село Курбиново. Во 1992 година ја напишав книгата **"Во Австралија како дома"**. Во 1993 година ја објавувам и книгата "Македонски иселенички печат (1945 - 1992)" која се однесува на овие три земји и Европа во кои за период од 45 години, печатот е опфатен со 150 печатени гласила. Денес тој број е намален на околу дваесетина печатени гласила. За моите средби и разговори со македонските иселеници, православните цркви, клубови и друштва во Америка и Канада пишувам во

**"Печалбарски копнеж"** кој излезе од печат во истата година.. Во 1998 година, како коафтор со Фиданка ја објавивме Монографијата на Македонскиот клуб **"Илинден 1903"** од Хамбург, Германија. Истата година ја објавувам книгата **"Македонски иселенички паноптикум"** во која зборувам за егзодусот на Македонците расеани на сите континенти и за нивната вековна борба за опстанок и зачувување на својот национален идентитет.

**Помагавте во отворањето на повеќе библиотеки во овие земји?**

-Бев потпретседател на Комисијата за



*Подарок на книги за библиотеката „Григор Прличев" од Сиднеј*

односи со верските заедници. Ја искористив позицијата да помогнам во собирање на книги од издавачките куќи во Македонија. Собравме околу 19000 книги. Тоа беше време на еуфоричен национализам. Имав и свое обраќање на отварањето на Библиотеката која го носи името **"Св. Климент Охридски" во Мелбурн**, прва од ваков вид, со цел афирмација на културните дострели на Македонците во Австралија. Библиотеката беше отворена во рамки на активностите на Организацијата за социјални и етнички прашања **"Александар - Гоце" од Мелбурн.** Беше многу убаво што уште на неколку места правев помали библиотеки. Во Лајлор, предградие на Мелбурн има уште две библиотеки во кои јас носам мои книги. Нашите луѓе даваат поклони. Библиотекарството таму е на повисоко ниво.

**При вашите многубројни посети во Австралија, Америка, Канада и Европа дојдовте во контакт и со најуспешните наши македонци - бизнисмени?**

-Засега напишав пет монографии за истакнати македонски бизнисмени од дијаспората. Овие двојазични изданија имаат трикратно значење: од една страна го афирмира нивниот успех во земјата во која се докажале како успешни луѓе, а од друга страна, нивните роднини и пријатели во Македонија имаат можност да ги видат во поинаква светлина. Овие бизнисмени имаа огромна желба младите да бидат инспирирани од земјата од каде им се корените, но за жал и овие книги многу не можат да ги насочат младите кон Македонија. Можеби за две наредни генерации младите ќе зборуваат за Македонија како за нешто што поминало, во која живееле нивните прадедовци и родители.

Мојата прва монографија му ја посветив на Андреа Бранов, "Монографија за Бранов" (2000) истакнат македонец од с. Був, инаку мој колега - новинар во Австралија, а беше првпат промовирана во црквата **"Св. Климент Охридски" во Торонто** во 2001 година. Тогаш јас бев дописник на македонски неделник во Австралија и еден англиски вес-



ник. Втората монографија е **"Семејството Јановци",** од село Велушина, иселено во Канада, сопственици на фабрика за мебел. Тоа е едно прекрасно, доблесно семејство. Браќата Јановски, посебно Петар кој е и мозокот на бизнисот, сакаше монографијата да ги поттикне неговите две деца, кои мислам дека се магистри, да дојдат во Македонија и да направат нешто за Татковината на нивните родители која сега е самостојна и независна држава. Третата монографија е за дедото Гога Печенковски, беше директор на Рибарското стопанство., а чичко на Кире Печенковски, од Преспа. Кире е еден од побогатите Македонци на северноамериканскиот континент, сопственик на топилницата

К.П. Бронза, формирана во 1970 година. Петтата монографија е за истакнатиот македонски бизнисмен од Детроит, Светле (Стив) Стамевски, од тетовското село Одри, пријател на Џорџ Буш, јуниор и човек кој многу помогна за неговиот прв избор за претседател со што индиректно помагаше за независноста на Македонија.

**Не ни кажавте за монографијата "Атанас Везенков"?**

-Монографијата "Атанас Везенков" ја промовиравме на 19 април 2000 година во Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", по повод 23-годишнината од основањето на Фондацијата "Атанас Близнаков". Јас сум почесен член во Одборот на Фондацијата уште од нејзиното основање. Стариот Атанас немаше деца. Со сопругата дојдоа од Америка, пред 27 години и ја основа Фондацијата со 250.000 долари. Стариот беше многу мудар многу вложи во акции, ги оплодивме акциите во електриката, маслото и нафтата. Така што фондот се зголеми на 4,500 000 долари. Од нив 700 000 долари се за Универзитетот во Скопје, од чија камата се стипендираат студенти. Тоа е човекот кој го одбележа еден цел век со своето патриотско и хумано дело.

**Во овој наш краток разговор не би сакал да почнуваме разговор за бројните ваши предавања за религијата и верските заедници во Македонија и во странство како и за вашите предавања за слободата на религијата и верувањето во пост-комунистичките и демократските општества. Вие завршивте Филолошки факултет - група Англиски јазик и книжевност, членувате и во литературни друштва, се занимавате со преведувачка работа. Ќе ни кажете ли нешто повеќе за тоа?**

Уште како вработен во хидробиолошкиот завод во Охрид пристапив кон научна и преведувачка дејност кога ја преведов монографијата **"50 години од формирањето на Хидробиполошкиот завод"**, монографскиот дел за **"Синиша Станковиќ"**, директор на овој Завод. Потоа следат **"Англиско - македонскиот лимнолошки лексикон", "Англиско - македонски Биотехнолошки речник", "Страниците за Македонија и Македонците од Христо Андоновски, "Социологија на образованието" од Петре Георгиевски, романот "Александар Македонски" од Урлих Вилкен.** Во коавторство со Петко Златески го издадовме **"Библискиот речник"** кое е




уникатно издание од овој вид на македонски јазик, кој беше промовиран во 1998 година само неколку години по појавата на комплетното **македонско издание на Светото Писмо, на Стариот и Новиот Завет.** Ова е прирачник на секој љубител на Светото писмо, подготвен да му биде водич и толкувач на библиските текстови. Исто така, во 1997 година, се појавија и шестте "Речници во слики" за изучување на англискиот, францускиот, германскиот, турскиот, албанскиот, ромскиот и влашкиот јазик. Во коавторство со м-р Илинка Дракулевска - Грубовиќ и д-р Никола Јордановски го подготвивме "Англиско-македонски ветеринарен речник". Станува збор за термини од ветерината, сточарството, паразитологијата, ентомологијата, фитопатологијата, пчеларството, ловот и риболовот.

**Денес имавме можност професорката Вера Стојчевска - Антиќ да ни ја претстави и најновата ваша книга "Придонесот на Македонија во светската цивилизација". Во неа прочитав дека 'Аристотеловата кралска школа имала големо влијание врз самосвеста на Македонците.' Каде е самосвеста на Македонците денес?**

Имам поминато доста литература по таа тематика. Аристотел од тестото направил еден прекрасен лик. Го образовал и го направил тоа што го направил со Александар Македонски. Меѓутоа, татко му Филип е основата, мозокот. Тој бил човекот - бескрупулозен дипломат кој знаел и умеел. Успеал со сила да ја оформи Коринтската лига и да ги покори сите елински градови. Тоа беше основата за походот на Александар

Македонски. Кај сите народи имало подеми и падови. Меѓутоа, Македонците треба да бидат горди на тоа Царство Македонско. Заедно со Александар Донски од Штип напишавме книга **"Александар Македонски"**, која треба наскоро да излезе од печат. Оваа книга е аргументирано поделена во три дела:



*Од промоцијата на „Придонесот на Македонија во светската цивилизација*

Филип Македонски, Александар Македонски и Александар Велики.

Кога зборуваме за самосвеста денес таа е на многу ниско ниво. Се залажувавме дека луѓето ќе си одат во странство на одреден период и потоа ќе се вратат. Тоа било само краток период. Светот за старите се промена. Некои од нив се уште живеат со спомените на Стара Југославија, а нивните синови за генерација или две ќе зборуваат за Македонија како за место од каде дошле нивните претци и родители.

**Дали за ова е крива и црквата, односно односите во неа?**

-Се додека религијата не се вклучи со практично сакање и почитување на другиот како што се сакаме себеси и прво секој да направи добро за другиот, па за себе, се додека немаме политичка култура дотогаш ќе тонеме во бездна. Има причини за оваа состојба. Нашите цркви не се класични цркви само на верници, како што е тоа случај со протестантските или други цркви. Нашите цркви, во кои членуваат помалку или повеќе религиозни верници, се сфатени повеќе и како културни собиралишта за крштевки, свадби и банкети, каде на овој или оној начин луѓето не можат да ја заобиколат политиката. А и ние оттука не направивме многу за да ги поврзиме. Единствено во Австралија сé уште не се дозовриени овие односи, а ќе зовријат брзо.

**Го пропатувавте целиот свет на почетокот како емигрант, а потоа како "амбасадор" на Македонија за македонските иселеници во светот. Дали бевте поттикнати од вашата лична идентификација со вашите родители и со себе, односно со носталгијата на Мекедонците за својот роден крај.**

-Уште како млад, пред да започнам со студиите, уште пред 1966 година патував кај моите родители во Канада. Денес моите родители се починати. Имам роднини во Канада каде што можам да одам. Јас многу сакав да навлезам во психата на Македонецот, да влезам во неговата душа, во се она што тој чувствуваше за Македонија, посебно постарата генерација. Тие се психички оптоварени и покрај тоа што физички престојуваат во местото каде што живеат затоа што со душата се во Македонија. Мајка ми си дојде од Канада за да умри во Љубојно. Ете тоа е нашата судбина.

Еднаш реков дека иселеништвото е трагедија од Шекспир. Да се иселиш од родното место, да го напуштиш родниот крај е трагедија. Нашите луѓе кои се иселуваат од економски или било кои други причини страшно многу тагуваат. Имам правено многу интервјуа со наши луѓе - обични граѓани, интелектуалци, сиромаси, богати и кај сите нив имам најдено нешто заедничко што никогаш не го заборавиле. Тоа е родниот крај. И какви спомени да имаат од тие простори за нив се најубави. Само за илустрација ќе ви ја раскажам случката со еден мој пријател од Канада, роден во Егејска Македонија.



*Промоција на книгата „Македонскиот печат во иселеништвото*

Тој немаше право да оди таму. Му предложив со кола преку Бугарија и Турција

ноќе да влеземе во Грција. Тоа и го сторивме и се упативме кон неговото родно село Ошќина, Леринско. Го гледав како возеше, како брзаше кон родниот крај што го немаше видено 30 години. Кога стигнавме до местото на неговата куќа за која имаше претстава дека е голема убава на два ката и долу два дуќани наидовме на руина полна со капини. Плачеше четири саати околу куќата и на крајот ми рече, "Јас сега се излекував. Досега бев болен, а сега сум здрав". Сега можеме да си одиме. Всушност, секој човек си го сака родното место. Во 1973 година при интервју со д-р Синиша Станковиќ, директор на Хидробиолошкиот завод во Охрид кој ја имаше прогласено Југославија за Федерација отпрво не сакаше да признае дека е од Гостиварско. Неговиот дедо имал проблеми и со семејството си заминал. Завршил на Сорбона. Го прашав која би била во тоа време најголемата казна за дисидентите. "Првата казна беше смрт со стрелање", тој рече, "а втората казна беше никогаш да не се врати во родниот крај".

Денес имаме многу млади и талентирани луѓе со кои Македонија треба да се гордее, а згора на нив да ги додадеме и оние образовани кадри кои во последните петнаесетина години се одливаат од Македонија. Покрај споменатите бизнисмени во монографиите има и други **успешни бизнисмени** како што се: **Мајкл Илиќ, потоа Џо Наумовски од с. Наколец кој поседува две фабрики, над 3000 пицерии во Америка и го држи кошаркарскиот клуб во Детроит, Стив Ставрев од Торонто и тн.**

**Од пред неколку години сте пензионер. Дали сте активни и што подготвувате во моментот?**

-Во истата 2001 година кога се пензионирав ја издадов книгата **"Моите патувања низ светот"** во која се опфатени моите импресии од 20 држави на сите континенти во која живеат македонски иселеници. Главен и одговорен уредник сум на **издавачката куќа "Македонска искра"**. Публикуваме учебници за шесто, седмо и осмо одделение. Во 2002 година таа ја издаде книгата **"Македонците во Канада и САД"** која ја осветлува библиската вистина за постоењето и вековното страдање на македонската нација во срцето на Балканот. Во 2004 година повторно во издание на **"Македонска искра"** излезе монографијата **"Катин" од Борче Наумовски**. Во моментот работам на една книга **"Македонија и соседите"**, потоа работам на



*Од осветувањето на просториите на „Македонска Искра"*

една книга раскази наменета за нашите иселеници - случаи што тие ми ги раскажувале.

Треба да започнам да пишувам уште една монографија за која е уште рано да зборувам.

**На почетокот ни кажавте за вас. За крај, кажете ни нешто за вашето семејство?**

-Мојата сопруга Нада е македонист - советник за македонски јазик. Пишува учебници по македонски јазик за основно образование. Таа има над 80 стручни и научни трудови, проучувања и истражувања, а ги прокрстари со мене и сите земји каде што патував. Син ми Александар е доктор по ветерина во владата на Шеќеринска во поглед на европските интеграции. Ќерка ми Дафинка е професор по англиски и шпански јазик и



живее во Лондон.

НАЈПОПУЛАРЕН ПЕЈАЧ МЕЃУ

## БИБЛИОТЕКАРИТЕ
## ДРАГИ КАБРОВСКИ

Убавото село Буково кое се наоѓа во



непосредна близина на Битола досега дало





*Од настапот во с. Буково, 1981 година*

повеќе истакнати личности во речиси сите области во животот. Во најпопуларните буковчани се вбројува и Драги Кабровски кој по професија е библиотекар, вработен во Националната установа Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Битола.

Поводот за разговор со овој наш скромен и примерен работник е поврзан со неговата голема љубов-песната. кого при едно гостување на програмата на Радио Битола новинарот Борче Начовски ќе го нарече, **"најпопуларен пејач меѓу библиотекарите и најпопуларен библиотекар меѓу пејачите во цел југозападен регион, а можеби и во Републиката".**

**Од кога сте вработени во Библиотеката?**

Роден сум на 06.08.1947 година во село Буково. Во Библиотеката сум вработен од 15.02.1968 година, на работно место, во библиотеката, во селото Буково. Се запослив со договор за хонорарна работа на определено и скратено работно време од 3,5 часа дневно, со



работни задачи комплетна обработка на книги и издавање. Ја заменив Десанка Врклевска која беше преместена во реонската библиотека во домот на Месната заедница "Чинарот". Во тоа време, оваа библиотека располагаше со 4500 книги од следните жанрови : лектирата за учениците од прво до осмо одделение, во помал број лектири за Средните училишта, белетристика за возрасни и слободна литературе за деца, стручна литература од областа на земјоделството, овоштарството, сточарството и сл., а бевме претплатени и на весници и списанија. Во библиотеката беа зачленети преку 400 членови, од кои повеќето беа ученици. Библиотеката беше масовно посетувана и како таква претставуваше вистинско културно катче каде што се задоволуваа културните потреби на жителите од селото.

Споменатиот факт говори дека оваа библиотека работеше успешно и како таква беше прогласена за најдобро средена реонска библиотека во Македонија заради што и доби награда во книги од Републичката културно просветна заедница.

Од месец декември 1976 година, бев повлечен во Централната библиотека, со Решение на неопределено и полно работно време. Една година работев на работно место редење и одржување на картотеките, а потоа, до 1980 година, работев со Подвижната библиотека. Од 1980 до 1985 година, бев прераспореден на замена во Детската библиотека, а од 1985 година до денес, сум на сегашното работно место Популаризација на книгата.

Мојата задача е, низ разни форми на активности да ја популаризирам и афирмирам дејноста на Библиотеката како современо обликуван библиотечно-информативен центар, а целокупниот библиотечен материјал со кој располага, да го претставам што поблиску до читателите односно корисниците.

**А сега кажете ни нешто за почетоците на "вечниот трубадур од Буково" како што гласеше еден напис во Битолски весник од 1999 година?**

-Со песната другарувам уште од најрана возраст. Се сеќавам бев на возраст од 6 или 7 години, кога ќе го земев тенџерето од чинго, ќе го врзев со сицим за рачките, подолго, за да можам да го ставам преку рамото, и ќе удрев со стапот како да тропам на тапан. Од чардакот гласот и песната ечеше, а мајка ми викаше по мене..леле Драги го искрши тенџерето..., а јас со стапот, пак удри, а таа повторно .. "леле море Драги го искрши тенџерето.."

Неможам да заборавам дека првиот мој официјален настап го имав како ученик во трето одделение, во ОУ "Никола Карев" во с. Буково, на Општинската смотра во с. Бистрица, во 1959 година, на која се претставив со народната песна **"Дај ми мамо динар до два"**. Со првиот мој настап е поврзан и еден



*Од настапот во с.Кривогаштани, 1971 година*

куриозитет, настапив без музичка придружба (оркестар). Тоа за мене не претставуваше некоја тешкотија, бидејќи со мојата одлична интерпретација и појава на сцената, ги восхитив сите присутни во преполнетата сала на домот.

Мојата богата аматерска пејачка кариера ја продолжив во Младинското кутурно уметничко друштво во селото. Членував во хорот при Училиштето со кој тогаш раководеше наставникот по музичко, Пеце Богоевски. Тој, уште повеќе се засилува мојата љубов кон песната. По завршувањето на осмо одделение во 1962 година, се запишав во тогашната Учителска школа "Браќа Миладиновци" Битола, каде што се запишав во хорот и оркестарот. Со нив настапувавме во градот, по повод разни свечености и имавме неколку гостувања надвор од градот, по поголемите месни центри.

Во 1964/65 година, се пријавив на аудиција во оркестарот на народни песни на Радио Битола, по претходна сугестија на новинарот Димче Миновски. Бидејќи тој ме познаваше и имаше прилика да ме види како пеам на едно нивно гостување во Буково, кога ми беше дозволено да запеам една песна во придружба на истиот оркестар, бев примен на аудицијата. Оттогаш имав прилика да настапувам на концерти заедно со тогашните пејачки легенди на Битола како: Ѓорѓи Белџигеровски, Донка Лазарева, дуетите Цвета и Петар Павловски, Куцулова - Андреевски и др. Во мојата долгогодишна пејачка кариера имам членувано во повеќе културно уметнички друштва: "Моша Пијаде", "Александар Турунџев", "Илинден", АКУД "Даме Груев", "ВИА Битола", "Битола 94".

**Кажете ни нешто на кратко за вашиот богат репертоар и за вашите настапи каде сте биле и дали имате добиено некои награди или признанија?**

-Тоа беше силна љубов кон македонската народна песна која мојот репертоар го направи извонредно богат и располага со над 100 стари македонски народни песни кои ги пеам без да се потсетам на текстот. Новокомпонираните ги пеам само под еден услов, тие ако ми се допаднат и да ми одговараат на мојот глас.

Како член на гореспоменатите друштва имам настапувано во многу места во Македонија, во бившите ЈУ - републики и во странство. Во периодот кога земјата се градеше кога се организираа Сојузни младински работни акции со АКУД "Даме Груев" приредивме концерти во следите младински работни акции: "Делиблатски песак"

Војводина, "Велика плана" Србија, "Стрежево" и др. Уште побројни се моите настапи на разни свечености што по разни поводи се одржуваа во Битола и ширум




*Од Патрониот Празник со вработените во рестранот „Белведере” во 2003 година*



*Од прославата на 60 - годишниот јубилеј на Библиотеката во рестранот „Стрежево” во 2005 година*

Републиката, како што се: многубројните ревии на аматери пејачи, концерти, квиз натпревари придружени со музички исполнувања, дочек на штафетата на младоста во Битола, избори на златен глас за аматери пејачи, фестивали, по повод 2 Август (Илинден) на иселеничките средби во с. Трново, Десет дена Крушевска република, и др. на кои имам освоено прку 50 награди и признанија како први втори и трети награди на разни ревии на македонски народни песни. Секогаш ќе се сеќавам на ревијата на народни песни во 1967 година што ја организираше тогаш КПЗ на Битола на 03 Ноември во очи на ослободувањето на Битола во кино салата на Партизан каде што настапив со песната "Битола мој роден крај" и ја освоив втората награда на стручното жири во голема конкуренција бидејќи настапија афирмираните пејачи од Битола како што беа: Дуетот Цвета и Петар Павловски, Куцулова-Андреевски, Пепи Бавтировски, Лилјана Стоилкова, Ристо Пулевски дуетот од браќата Дуковски и др. Исто така многу драга ми е и третата награда од стручното жири на Републичкиот натпревар "Избираме најдобар пејач работник" (бронзена плакета на градот на рударите) која се одржуваше во Пробиштип, сега познат како ПРОФЕСТ, каде што како вработен во Библиотеката, ја претставував општината Битола.

**Повеќепати сте настапувале во странство?**

-Моите гласовни можности и пред се одличната интерпретација придонесоа да гостувам во повеќе земји како: *"Гоцеви денови" во Германија, во градовите: Вилхелмсхафен, Хамбург, Биелефелд, Дортмунд, штутгард (четири пати); во Турција во градот Истамбул и општината ѓулпинар; во Бугарија во градовите: Банско, Сандански, Петрич и во селата: Струмјани, Цапарево, Крналово; во СР Југославија во градовите: Загреб и Риека; во Словенија* и тн. При мојата приватна посета на син ми **во 2001 година, во Сиднеј имав настап во Кинескиот ресторан во населбата Бенкстоун.**

**Дали сте настапувале на медиумите и**



**дали успеавте да снимите некоја касета и какви се вашите планови за во иднина?**

-На овој план неможам да се пофалам, бидејќи заради недостиг на финансиски средства не ми се оствари таа моја голема желба која сѐ уште ми стои како неостварена. Со свој личен труд долго време градев куќа и не се стигнуваше. Имав две снимања во живо за македонската телевизија за документарните

програми за "Печалбарството во Битола и битолско" и двете емисии беа емитувани на првата програма на Македонската телевизија. Потоа, бев гостин и во емисијата Фолклорна плетеница на Радио Битола која ја организираше покојниот профессор Илија Алушевски.

Сепак извесна сатисфакција е снимениот материјал од 12 староградски битолски песни кои се наоѓаат во лонг плеј плочата што ја снимивме со Вокално инструменталниот ансамбл "Битола", кој работеше под покровителство на Домот на кутурата, каде што јас пеев прв глас - тенор. Токму поради ова, моја желба е како солист да снимам еден материал на кој не гледам од комерцијална природа да заработам пари туку единствено тој да остане како документ за моето долгогодишно културно ангажирање како пејач аматер на овие простори.

*Од дружењето со роднокрајните автори на „Тркалезната маса" што се одржа на 16 март 2005 година.*

## ЕВЕ ШТО САКАВ ДА КАЖАМ ЗА ЛИТЕРАТУРАТА

*Никола Кочовски, писател*



Туку, за ова да го кажам, ме повлече само последниот дел од вашето прашање. Тематски интересирања? Тие кај мене доаѓаат, ми се чини, од самото сфаќање на функцијата на литературата. Според мене, суштествена смисла на литературата е да го појасни човекот и да го подобри. Да му предочи што сé во него се криело. Таа е едно можно, прилично сеопфатно огледало на живеењето. Вака е, многу кратко речено, а тоа е тешко доопфатна, прешироката област. Притоа, кај мене важно е, секако, кои моменти во моментов се чинители на поведението.

Сум имал можност да чујам дека литературата нема иднина. И навистина, со оглед на современото динамично живеење на човекот, кое му го раздробува времето и не му остава неисполнети часови во кои продлабочено би се посветил на читањето, а од друга страна и натрупаноста на секојдневјето со разни нови технички изуми, кои сé повеќе добиваат улога на исполнувачи на тоа секојдневје со содржини кои попримаат на себе изглед или и вистинска стојност на уметничка "храна" за личноста, како што е филмот, со својот извонреден развој, а особено понудата на тн. масовни забави - музицирања, ТВ - разгледници, квизови, разни совети и реклами, а понекогаш и добра музика, или пак добра репортажа - сето тоа на литературата è го одзема приматот што некогаш одамна го имала, кога сето тоа не било пројавено, така што се создала онаа грандиозна напишана класика.

Но, и литературата се развива! Таа не останала на првобитното скалило. Може ли да è се одрече способноста на извонредно минуциозно понирање во човечката душа, која е неисцрпно сложена? Таа денес нурка сé поуспешно во лавиринтите на интимата, каква некогаш не можела да се замисли, а која сепак ја препознаваме дека сме ја имале како човечки род, всушност отсекогаш. Доволно е само малку да се оттргнеме и да се осврнеме на навидум неинтересните црнобели редови што таа, литературата денес ги нуди како плод на нуркањето, на рудникувањето на добриот писател. Верувам дека мисијата на литературата е и да зачува, да обезбеди некој талог што ќе остане во протечената река, доказ што ќе биде многу пожив од фотографските или видео слики.

Заслужува голема пофалба и поддршка обидот на "Утрински весник" и "Дневник" за распродажба на одбрани книжевни дела со примероци на весниците. Тоа може да води само кон добро. На светот му е потребна литературата.

# КУЛТУРА... БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ

*НУ Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"*

## ПРОМОВИРАНА МОНОГРАФИЈА ЗА БИТОЛСКАТА БИБЛИОТЕКА



## ЖЕД ЗА КНИГИ





"Aziz Kliment Ohridski" ... Kitaplığı 60. Yaşın...

## ОД ДЕНЕСКА ВО БИТОЛА ПОЧНУВА САЕМ НА КНИГАТА

Во организација на Националната установа универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ од Битола, од денеска до 28 мај во летната бавча на Домот на Армијата во Битола, по втор пат ќе се одржи Саем на книгата.

На овогодишниот саем, според организаторот, ќе учествуваат голем број издавачки куќи од Македонија. [illegible]

*Универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"*

## ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА КНИГАТА

## Втор Саем на книгата во Битола

БИТОЛА. – Вечерва со почеток во 20 часот, во летната бавча на поранешниот Дом на АРМ, во Битола, ќе биде отворен вториот „Саем на книгата“, на кој до 28 мај своите изданија ќе ги изложат сите издавачки куќи од државата, како и претставништва во нашата земја на издавачки куќи од соседните земји. Според зборовите на директорката на Универзитетската библиотека „Свети Климент Охридски“ Јелена Петровска, која го организира саемот, неговото одржување ќе биде збогатено со неколку придружни културни манифестации. [illegible]

*Со отворање на изложба во Битола*

## ЗАПОЧНАА ДЕНОВИТЕ НА ХРВАТСКАТА КУЛТУРА

*По завршувањето на вториот битолски саем на книгата*

## КНИГОИЗДАТЕЛСТВАТА ЗАДОВОЛНИ ОД САЕМОТ

## САЕМ НА КНИГИ Приближување кон читателите

Саем на книгата, во организација на библиотеката „Св. Климент Охридски“ од Битола, ќе биде отворен вечерва, во 20 часот, во летната бавча на битолскиот Дом на [illegible]

## ...ЗА БОГАТСТВОТО НА МАКЕДОНИЈА

*Промоција на книга од македонската поетеса Рајна Груевска*

## БЛЕСОЦИ ВО НОКТА

## ПРЕДАВАЊЕ ЗА МАЦИНИ

## ЛИСТА НА НОВОНАБАВЕНИ КНИГИ

| Р.бр | Наслови | Автор | Издавач | Пар. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Firma | Džon Grišam | N. Knjiga | 2 |
| 2. | Ljubav je večna | Irving Stoun | Editor | 2 |
| 3. | Klice | Dzudit Miler i dr. | Laguna | 2 |
| 4. | Крста и манистрото | С. Христова-Јоциќ | ММ | 2 |
| 5. | Аксиј сеуште тече | Василе Димески | ММ | 1 |
| 6. | Болна прелест | Кочо Топузовски | ММ | 1 |
| 7. | Афродита | Изабела Аљенде | Н. Књига | 2 |
| 8. | Македонска народна поез. я |  | ММ | 4 |
| 9. | Романтизам | Паскал Гилевски | ММ | 15 |
| 10. | Книжевен лексикон |  | ММ | 3 |
| 11. | Шкорпијина кука | Ненси Фармер | Н. Књига | 2 |
| 12. | Италиј. дипл. док. за Макед. | Иван Катарџиев | ММ | 1 |
| 13. | Македонски среднов. ракоп | Вангелија Деспод. | ММ | 1 |
| 14. | Премрежјата на мак. интел | Виктор Габер | ММ | 2 |
| 15. | Скопје - паралели | Киро Дојчиновски | ММ | 1 |
| 16. | Порече 1932-1933 | Танас Вражиновск | ММ | 1 |
| 17. | Раскази: романт. раскази | Ернест Хофман | ММ | 15 |
| 18. | Недоразбирање (драма) | Албер Ками | ММ | 1 |
| 19. | Сабриел | Гарт Никс | Н. Књига | 2 |
| 20. | Демонот и друга поезија | М. Лермонтов | ММ | 5 |
| 21. | Печалбари | Костас Валетас | ММ | 1 |
| 22. | За мојата малечка | Тони Парсонс | Силсонс | 4 |
| 23. | Прв за умирање | Џеј Петерсон | Силсонс | 2 |
| 24. | Ракописот "Q" | Раб Џонатан | Силсонс | 4 |
| 25. | Моќта на поз. мислење | Норман | Силсонс | 2 |
| 26. | Фенг шуи - чекор по чекор | Рафаел Сајмонс | Силсонс | 2 |
| 27. | Што да очекувате додека | Арлин Ајзенберг | Силсонс | 2 |
| 28. | Што да очекувате во првата | Арлин Ајзенберг | Силсонс | 2 |
| 29. | Секс -2 | Р. Пејовиќ | Силсонс | 3 |
| 30. | Poslednji ruski car | R. Aleksander | Rubikon | 2 |
| 31. | Ангуе, танга и бацување | Луис Ренисон | Силсонс | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 32. | Роман за Ное | Д. Коцевски | Слово | 2 |
| 33. | Орач или воин | Гане Тодоровски | Мисла | 1 |
| 34. | Белиот светец | Ристо Јачев | Мак. книга | 4 |
| 35. | Jezero lane | Rut Rendel | N. knjiga | 2 |
| 36. | Prijatelji | Dzejn Grin | N. knjiga | 2 |
| 37. | Сипкава преѓа е светот | Санде Стојчевски | Мак. книга | 4 |
| 38. | Ремек дела и злодела | Петар Костов | Мак. книга | 2 |
| 39. | Женско писмо | Јасна Котеска | Мак. книга | 4 |
| 40. | Папокот на светот | Венко Андоновски | Култура | 5 |
| 41. | Азбука на непослушните | Венко Андоновски | Култура | 5 |
| 42. | Сто години сегашност | Венко Андоновски | Култура | 2 |
| 43. | Рак на простата | В. Георгиев | Култура | 2 |
| 44. | Нигдина | Светлана Велмар-Ј. | Култура | 7 |
| 45. | Балкански жртвен јарец | Луан Старова | Култура | 1 |
| 46. | Разговор со Спиноза | Гоце Смилевски | Култура | 8 |
| 47. | Опејувачи на митот | Дејан Павловски | Култура | 1 |
| 48. | Хари Потер и затвореникот | Џеј Раулинг | Култура | 10 |
| 49. | Макарора | Јохан Будер | Култура | 1 |
| 50. | Сонце во мразот -Антарктик | Јовица Угриновски | Култура | 2 |
| 51. | Тајни и трајни проекти | Васил Тоциновски | Култура | 2 |
| 52. | Илинденско востание | Анастас Лозанчев | Култура | 2 |
| 53. | Македонија-100 год. по Илинден | Иван Катарџиев | Култура | 3 |
| 54. | Ослоб. борби наМакедонија | Христо Силјанов | Култура | 2 |
| 55. | Окупација на Зап. Македон. | Глигор Тодоровски | Култура | 1 |
| 56. | По стапките на свети Клим. | Вера С.-Антиќ | Култура | 1 |
| 57. | ХТМЛ-од почеток до крај | Деан Јошевски | Култура | 3 |
| 58. | Ljubav sto god to znacilo | Dejvid Bedl | N. Knjiga | 2 |
| 59. | Пецко - живуркање | Дарко Марковиќ | Култура | 1 |
| 60. | Детска ортопедија | Ѓорѓи Зафировски | Култура | 2 |
| 61. | Хирургија на жолчното ќесе | Кочо Серафимов | Култура | 1 |
| 62. | Неврохирургија за студенти | Јовица Угриновски | Култура | 2 |
| 63. | Споменичкото право во М. | Јован Ристов | Култура | 1 |
| 64. | Информатор за град Охрид | | Култура | 1 |
| 65. | Убикација на сред. Битола | Томе Јанакиевски | Култура | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 66. | Крале Марко | С. Мицковиќ | Слово | 3 |
| 67. | Стебло | Б. Иванов | Слово | 2 |
| 68. | Три драми | Митко Маџунков | Магор | 1 |
| 69. | В сенка на расцутените дев. | М. Пруст | ТРИ | 3 |
| 70. | Записи по сеќавање | Ѓ. Нанески | ММ | 2 |
| 71. | Од слика до песна | Б. Мартиновски | Магор | 3 |
| 72. | Објаснети за постмодерниза | Р. Алаѓозовски | Магор | 3 |
| 73. | Слово за походот Игорев | | Наша книга | 5 |
| 74. | Диотима | Ф. Хелдерлин | Наша книга | 1 |
| 75. | Сид | П. Корнеј | Наша книга | 3 |
| 76. | Од низ системот што се рас | | ГОЦМАР | 2 |
| 77. | Роман за оружјето | Е. Лафазановски | Магор | 2 |
| 78. | Личен роман за личната зем | К. Мисиркова | Мак. Книга | 5 |
| 79. | Пожари над Тетово | Р. Билски | Култура | 2 |
| 80. | Македонскиот јазол | Ханс Лот. Штепан | Аз-Буки | 1 |
| 81. | Самоизградба на авторот | К.С. Станиславски | Аз-буки | 1 |
| 82. | Орел над Балканот | Ј. Донев | Култура | 2 |
| 83. | По стапките на Свети | В. С. Антиќ | Мак. Книга | 3 |
| 84. | Кратка истор. на кинеската | Ј. Л. Фонг | Култура | 2 |
| 85. | Драми | Д. Дуковски | Про Артс | 3 |
| 86. | Сонети од Шекспир | Дати Михајловски | Каприкорнус | 10 |
| 87. | Кажано од триножец | Св. Х. Јоциќ | Култура | 3 |
| 88. | Анорексија и булимија | Н. Поп-Јорданова | Култура | 2 |
| 89. | Како да се биде добар род. | Н. Поп-Јорданова | Култура | 2 |
| 90. | Кич митологии 1,2 | В. Андоновски | Култура | 2 |
| 91. | Песна за Сид | прев. М. Матевски | Култура | 3 |
| 92. | Зен будизам и психоанализа | Т.Сузуки, Е. Фром | Култура | 2 |
| 93. | Македонски писатели | А. Вангелов | Култура | 3 |
| 94. | Медитеран и медитеранс.1,2 | Fernan Brodel | Geo Poetica | 1 |
| 95. | Македонско-турски речник | К. Mudzahit | ММ | 3 |
| 96. | Мед. англиско-мак. речник | К. Корнети и др... | Табернакул | 1 |
| 97. | Речник на симболите | Ж. Шевалие и ... | Табернакул | 1 |
| 98. | Евролоки речник | Henri i Monique G. | Mozaik knjiga | 1 |
| 99. | Историја на верув. 1,2,3 | Мирча Елијаде | Табернакул | 1 |

*Приредил Николче Вељановски*

# МУДРИ МИСЛИ

Обиди се да ја извршуваш својата должност па ќе видиш колку вредиш.
Гете

Секој сака да е некој; никој не сака да расте.
Гете

Сите трчаат кон престолот, како среќата да седи на престолот. Калта често седи на престол, а често престолот е врз кал.
Горки

Подобро да се страда од вистина, отколку да се биде награден за лага.
Да Винчи

Сите вистини коишто ќе се премолчат стануваат отровни.
Ниче

Во присуство на вистинитиот човек, паѓа маската на лажниот човек.
Рамакришна

За да ја говориш вистината, мора да владееш со лак и стрела.
Ниче

Владетел којшто го храни мудрецот, а не го прашува за совет, еднаков е на сакатиот којшто нема нозе, а има коњ за јавање.
арапска

Сé што може да се спечали без работа и труд, нема вистинска вредност.
Едисон

Калта може да ги извалка дијамантите но не може да ги претвори во кал.
Тагоре

Безвредните луѓе и безвредните книги ни одземаат драгоцено време.
Вајлд

Кога ќе се појави гениј, ќе го препознаете по тоа што глупаците се здружуваат против него.
Свифт

Се има свои граници, освен човечката подлост и глупост.
Паскал

Да се греши е човечки, но да се истрајува во тоа е ѓаволски
Сенека